РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Предмет: Мислење**

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање на мислење во однос на тоа дали ќе настане состојба на судир на интереси доколку на компанијата ------------, чиј сопственик бил поранешен функционер кој ја извршуваше функцијата --------------- - ------------, би и се доделила државна помош согласно Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

По однос на предметното барање, Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија за спречување на корупцијата го разгледа Вашето барање и Ве известува дека, согласно член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во конкретниот случај **постои состојба на судир на интереси**.

Согласно наведениот член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, „Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа“.

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**